РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 09-476/1
21.02.2019 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 31 став (2) точка (16) во врска со член 161 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 И 27/19) и член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 01-1322/1 од 06.07.2017 година а во врска со Решението за распишување на избор за Претседател на Републиката, бр. 09-1071/1 од 08.02.2019 година и Решението за распишување на предвремени избори за градоначалник на Општина Охрид, Градоначалник на општина Ново Село и Градоначалник на општина Дебар, бр. 09-1072/1 од 08.02.2019 година донесени од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 20 февруари 2019 година, донесе

# К О Д Е К С
## за набљудување на Претседателските избори 2019 година и Предвремените избори за градоначалници во општините Охрд, Ново Село и Дебар

Кодексот има за цел да ги утврди процедурите за набљудување на Претседателските избори 2019 година и Предвремените избори за градоначалници во општините Охрид, Ново Село и Дебар, како и процедурата за вршење на набљудувачката мисија на акредитираните набљудувачи, а во функција да се подобри интегритетот и транспарентноста на изборниот процес.

## 1. ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ 2019 ГОДИНА

Правилата за набљудување претставуваат збир од практични насоки за начинот на спроведување на набљудувањето на изборите 2019 година.

**Акредитираните набљудувачи ТРЕБА:**

- Да ги познаваат и почитуваат одредбите на Изборниот законик и овој Кодекс и да се придржуваат кон одредбите со кои се уредува постапката за спроведување на изборите.
- Да се непристрасни во извршувањето на своите должности при што не смеат да изразат пристрасност кон изборните органи или кон било кој кандидат.
- Да носат на видно место овласување – беџ издаден од Државната изборна комисија, како и лична исправа.
- Своите заклучоци треба да ги засноваат на документирани и потврдени факти;

**Акредитираните набљудувачи НЕ СМЕАТ:**

- Да влијаат на било кој начин во постапката, пред и на денот на гласањето како и во постапката при сумирањето на резултатите од гласањето.
- Да носат симболи или ознаки на партии, коалиции или кандидати.
- Да даваат упатства на гласачите, изборните органи, овластените претставници и овластените службени лица.
- Да влијаат на работата и одлуките на изборните органи.

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ 2019 ГОДИНА

Претседателските избори 2019 година и Предвремените избори за градоначалници на општините Охри, Ново Село и Дебар, како и севкупните постапки за нивно организирање и спроведување можат да ги набљудуваат:

- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржување на референдумот, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права;
- меѓународни организации; и
- преставници на странски земји,

**БАРАЊЕ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ:**

Барањата за набљудување со потребните прилози кон истите и исправите за идентификација на набљудувачите, се доставуваат до Државната изборна комисија од денот на распишувањето на изборите а најдоцна десет дена пред денот на гласањето.

**ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ:**

Државната изборна комисија им издава овластување - беџ на набљудувачите најдоцна седум дена по приемот на барањето.

Организациите и лицата кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи можат да вршат набљудување на целата изборна постапка откако ќе го добијат овластувањето – беџот од Државната изборна комисија.

**ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ТЕКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ 2019 ГОДИНА:**

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на постапката на спроведување на Претседателските избори 2019 година и Предвремените избори за градоначалник во општините Охрид, Ново Село и Дебар, како и активностите поврзани со нивното набљудување.

**ЛЕГИТИМИРАЊЕ:**

При посетата на седиштата на изборните органи (Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори), набљудувачите покажуваат: копијата од овластувањето за набљудување и беџот издадени од Државната изборна комисија и исправа за лична идентификација.

Изгледот на беџот го утврдува Државната изборна комисија со Упатство.

Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на интернет страницата на Државната изборна комисија: http://www.sec.mk.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**